Врз основа на член 59 став 3 и член 91 од Законот за рамномерен регионален развој (*)(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/2021), Министерот за локална самоуправа, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ АКТИВНОСТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДИСПАРИТЕТИТЕ МЕЃУ И ВО РАМКИ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА КОНКУРЕНТНОСТ ЗА 2021 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година во вкупен износ од 74.853.900 денари, обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во раздел 280.01 потпрограма ОА Рамномерен регионален развој, наведени во листата на проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 која е дадена во Прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Доколку Министерството за локална самоуправа утврди ненаменско трошење на средствата кои ќе бидат распределени, корисниците на средствата согласно оваа одлука истите треба во целост да ги вратат во Буџетот на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб- страницата на Министерството за локална самоуправа.

**Образложение**

Средствата наменети за проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година, се утврдени во Програмата за изменување на Програмата за рамномерен регионален развој во 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 84/21).

Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој ги спроведоа постапките за прибирање и оценување на предлог проектите за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност, пропишани во Законот за рамномерен регионален развој.

Scanned with CamScanner

Врз основа на Извештајот за спроведено оценување на предлог проектите за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година, подготвен од комисијата за оценка на проекти, министерот за локална самоуправа изврши избор на проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност, од листата на позитивно оценетите проекти, додека бројот на проекти и износите за нивно финансирање се утврдени во согласност со расположивите средства од Програмата рамномерен регионален развој во 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година и поднесените барања за финансирање.

Бр.

___________

Министер

за локална самоуправа

М-р Горан Милевски

Скопје

Доставено до:
- Архива

ПРИЛОГ

| Проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година | | | |
|---|---|---|---|
| Ред. Бр | Назив на Проектот | Корисник на средствата | Одобрени средства во денари |
| 1 | Изградба на дел од фекална канализација с. Ваксинце – Општина Липково | Општина Липково | 5.000.000 |

Scanned with CamScanner

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Изработка на техничка документација за изградба на рекреативен парк во с. Зајаз | Општина Кичево | 500.000 |
| 3 | Изградба на мост во река Сушица | Општина Кичево | 8.197.412 |
| 4 | Реконструкција на водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација во ул. Ресенска 1-2 | Општина Чаир | 4.941.917 |
| 5 | Набавка на едно мултифункционално комунално возило, камион за метење на улици | Општина Кичево Јавно претпријатие за комунално дејности "Комуналец" Кичево | 4.366.000 |
| 6 | Набавка на специјално возило за чистење и одржување на канализационата мрежа | ЈП Водовод и Канализација Струга | 2.478.000 |
| 7 | Основен проект за изградба на цевковод за фекална канализација – дел од населено место с. Велешта – општина Струга | ЈП Водовод и Канализација Струга | 1.074.171 |
| 8 | Основен проект за партерно уредување , дворно место на Црквата и Општина Брвеница | Општина Брвеница | 3.500.000 |
| 9 | Изградба на локален пат во н.м. Боговиње | Општина Боговиње | 2.000.000 |
| 10 | За почиста Битола | ЈП Комуналец Битола | 12.000.000 |
| 11 | Модерна Чашка | Општина Чашка | 3.000.000 |

Scanned with CamScanner

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12 | "Реконструкција на паркот покрај мостот на река Треска во Македонски Брод" | Општина Македонски Брод | 3.000.000 |
| 13 | Изготвување на Основен , конзерваторски проект за реконструкција на катедралната црквата Св. Успение на Пресвета Богородица – Битола | НУ "Завод и музеј" – Битола | 1.785.900 |
| 14 | "Реконструкција подобрување на улица Хаџи Јован Шишко" | Општина Шуто Оризари | 5.500.000 |
| 15 | Подобрување на можноста за развој на спортско рекреативниот и езерскиот туризам во источниот плански регион – Беровско езеро | Општина Берово | 4.000.000 |
| 16 | Проект за надградба и проширување на ски-центарот "Нижеполе" со ски-терени над 2000 метри | Јавно претпријатие "Стрежево" – Битола | 5.000.000 |
| 17 | Зајакнување на техничките капацитети на горска служба за спасување во функција на обезбедување на поголема безбедност на Баба Планина | Горска служба за спасување Македонија-Битола | 1.200.000 |
| 18 | Изработка на архитектонски проект за комплетна внатрешна и надворешна рехабилитација на болнички објект | ЈЗУ Клиничка болница Битола | 1.200,000 |
| 19 | Модерен Музеј- Европски Град | ЛУ Градски Музеј Крива Паланка | 1.593.000 |
| 20 | Безбеден сообраќај во зимски услови во општина Крива Паланка | Општина Крива Паланка | 3.075.000 |
| 21 | Изработка на проектно техничка документација за изградба на канализациони мрежи во село Радожда и туристичка населба Елен Камен, Општина Струга | Општина Струга | 442.500 |

Scanned with CamScanner

| | | | |
|---|---|---|---|
| 72 | Асфалтирање на паркинг кај ресторан Куќа на Мијаците | Здружение Благослов село Ростуше , Маврово и Ростуше | 1.000.000 |
| | Вкупно | | 74.853.900 |

Scanned with CamScanner

Врз основа на член 59 став 3 и член 91 од Законот за рамномерен регионален развој (*)(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/2021). Министерот за локална самоуправа, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ АКТИВНОСТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДИСПАРИТЕТИТЕ МЕЃУ И ВО РАМКИ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА КОНКУРЕНТНОСТ ЗА 2021 ГОДИНА

### Член 1

Во Одлуката за избор на проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година бр. 02-1551/1 од 24.06.2021 година во член 1 зборот „74.853.900" се заменува со зборот „81.091.900".

85,

### Член 2

Во Прилогот во Табелата по редот 22 се додаваат два нова реда 23 и 24, кои гласат:

"

20%

| | | | |
|---|---|---|---|
| 23 | Изградба на локален пат Крива Паланка- с. Варовиште- с. Кошари- с.Б'с, Општина Крива Паланка | Општина Крива Паланка | 9.500.000 |
| 24 | Реконструкции и опремување на ординација за Итна Стоматолошка помош и Итна Медицинска помош | ЈЗУ Здравствен Дом Кичево | 738.000 |
| Вкупно денари | | | 10.238.000 |

"

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а листата на избрани проекти се објавува на веб- страницата на Министерството за локална самоуправа.

### Образложение

Средствата наменети за проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година, се утврдени во Програмата за изменување на Програмата

Scanned with CamScanner